**20141745443**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 41 став (5) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕОДЛУЧУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПОВЕЌЕ УПЛАТЕНИОТ ДАНОК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неодлучување по барањето за враќање на повеќе уплатениот данок во рокот утврден во членот 41 став (3) од Законот за данокот на добивка.

Член 2

Барањето заради неодлучување по барањето за враќање на повеќе уплатениот данок се поднесува на образец-„Барање поради неодлучување по барање за враќање на повеќе/погрешно платен данок-Б-МО/ДД-02“, во А-4 формат на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето заради неодлучување по барањето за враќање на повеќе уплатениот данок („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 162/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година со утврдување на добивката за деловната 2014 година.

Бр. 20-39938/1
19 ноември 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## поради неодлучување по барање за враќање на повеќе / погрешно платен данок

**Б-МО/ДД-02**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| Датум и број на прием | |
|---|---|

До:
Управа за јавни приходи
Генерална дирекција Скопје
бул. Кузман Јосифовски - Питу бр.1
1000 Скопје

За: Директор на УЈП

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив | | | |
| Седиште | | | |
| Контакт | е-Пошта | Телефон | |

### ОПИС НА БАРАЊЕТО

Согласно рокот утврден во член 41 став (7) од Законот за данокот на добивка, Ве молам да постапите по Барањето за враќање на повеќе / погрешно платен данок поднесено до Управата за јавни приходи кое е заведено под:

Број

Датум

### ПРИЛОЗИ

☐ Копија од Барање за за враќање на повеќе / погрешно платен данок

### ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| Податоци за обработката | |
|---|---|